Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 05-03-2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 1707 | 1 | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** **контролен**

**2. Субјекти на надзорот:** Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш - дигитален пакет

**3. Датум на извршување на надзорот:** 03.03.2015 година.

**4. Предмет на надзорот:**

- Надзорот се врши со цел да се констатира дали операторот врши реемитување на програмски сервиси без издадена потврда за регистрација на пакет програмски сервиси.

**5. Претходно изречени мерки:**

Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп.1 бр.11-257 од 23.01.2015 година издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор на бр.11-473/1 од 20.01.2015 година, со кој беше констатирано прекршување на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Решението е уредно примено на 27.01.2015 година.

**6. Констатации од надзорот:**

Со надзорот беше констатирано дека овој оператор во својот дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси Posavina (PTV), Sky News Arabia, Dubai Sports 3 и Abu Dhabi Sports 1, кои не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизелни медиумски услуги.

**7. Предлог мерка:**

Поради тоа што, операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш – дигитален пакет, продолжува со вршење на истата повреда на Законот за која е опоменет, Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.